Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 11.08.2020

На 10.08.2020 во 22.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Иван Хаиниколов" го лишиле од слобода Д.С.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марухана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.08.2020 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Христијан Тодоровски Карпош" го лишиле од слобода Р.И.(35) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.08.2020 во 22 часот во СВР Охрид биле приведени и лишени од слобода Д.Н.(24) и Г.Л.(26), двајцата од Скопје. При обид за преглед во близина на спортско игралиште во Охрид, тие почнале да бегаат од полициските службеници, по што еден од нив, исфрлил опаковка со таблетки. Истите се одземени и предадени на вештачење, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.08.2020 во периодот од 17.30 до 18.05 часот, по претходна наредба од судија на претходна постапка при Основен суд Гостивар, бил извршен претрес во дом и други помошни простории каде што живее К.П.(48) од Гостивар. При претресот биле пронајдени кутија со семки, повеќе таблетки, крушеи и дробилка, кои се одземени за вештачење. К.П. бил лишен од слобода и задржан во полициска станица Гостивар за понатамошна постапка, при што ќе следи и соодветен поднесок.

На 10.08.2020 во 21.00 часот на ул.„Илинденска" во Гостивар, четирицикл „линај", со гостиварски регистарски ознаки, управуван од М.М.(34) од Гостивар удрил во пешак А.С.(83) од Гостивар, кој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани воУргентен центар во Гостивар, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. По овластување од Јавен обвинител, увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 10.08.2020 во 10.40 часот во Полициската станица Демир Хисар било пријавено дека во Истата медицинска помош Демир Хисар бил донесен Т.А.(33) од с.Долно Заболчиште, кој се здобил со повреди при пад од трактор. Тој бил пренесен во Клиничката болница Битола, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 10.08.2020 во 22.10 часот било пријавено дека во Скопје, на ул. „Димитрие Чуповски", патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Ј.(38) од Скопје, удрило во 17-годишен пешак од Струга. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.08.2020 во 03.45 часот на Граничниот премин „Деве Баир", на влез во Република Северна Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" (зелена карта), бил лишен од слобода А.С.(44) од Р.Турција и бил предаден за понатамошна постапка на полициски службеници од ОВР Крива Паланка.

На 10.08.2020 во 06.10 часот во СВР Штип било пријавено дека на крстосницата од улиците „Браќа Миладинови" и „Плачковички одред" во Виница се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел", со винички регистарски ознаки, управувано од М.А.(63) од Виница и мопед „томос", управуван од В.Ѓ.(61) од Виница. Во незгодата В.Ѓ. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Штип, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. По наредба на Јавен обвинител увид е извршен од увидна екипа од Полициска станица Виница.

На 10.08.2020 во 15.40 часот било пријавено дека во близина на с.Миравци, гевгелиско, на место викано „Три тополи", додека В.М.(19) и В.Ѓ.(56), двајцата од с.Миравци, местеле мрежи во р.Вардар, В.Ѓ. паднал во водите на реката и потонал. Во 19.15 часот тој бил пронајден и извлечен од реката. Од страна на лекар од Истата медицинска помош Гевгелија била констатирана смрт. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од Полициската станица Гевгелија. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 11.08.2020 во 03.15 часот на Граничниот премин „Деве Баир", на влез во Република Северна Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" (зелена карта), бил лишен од слобода К.Х.(49) од Р.Турција и бил предаден за понатамошна постапка на полициски службеници од ОВР Крива Паланка.

Во текот на 10.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје 50 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против И.С.(42) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 25.04.2020, во руинирана куќа на ул.„Васка Циклева" во Свети Николе, од полициски службеници биле затекнати Д.С. и З.Ј., двајцата од Свети Николе, како подготвуваат хероин за употреба, претходно купен од И.С..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.М.(40) и Љ.В.(47), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „насилство" и „загрозување на сигурноста со опасно орудие при тепачка или караница". На 17.07.2020 оштетениот К.В.(26) на ул.„Благоја Тоска" во Тетово бил физички нападнат неколку непознати лица меѓу кои и Е.М., кој извадил пиштол и со кундакот го удрил, по што лицата си заминале од местото на настанот. Откако пристигнале полициски службеници, по кратко време пристигнал и Н.М.(36) од Тетово, и почнал да го навредува К.В., по што бил приведен во СВР Тетово. Откако Н.М. бил пуштен од СВР Тетово, бил нападнат со нож од Љ.В..

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.С.(51) од село во Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 08.10.2019, кај брана Глажња, Липково, пријавениот, во сојство на физичко лице, со намера да се стекне со противправна имотна корист за себе, со товаро возило „мерцедес" во негова сопственост, вршел јавен превоз на 12 метри кубни огревни дрва, со испратници издадени од правно лице од Гошинце, без притоа да поседува лиценца.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.С.(28) од тетовско село, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница" и „загрозување на сигурноста". На 13.07.2020 во продажен објект во тетовско село, дошол Д.С., почнал да ја навредува неговата поранешна сопруга, која работела во објектот и растурил прекранбени продукти во продавницата. Тогаш дошол сопственикот на продавницата, заедно со И.А.(59) и започнале вербална расправија со Д.С. Пријавениот извадил нож и се упатил кон И.А. со намера да го повреди, но не успеал во намерата, по што го напуштил местото на настанот. Покрај ова, на 17.07.2020 година, Д.С. телефонски му се закажувал на сопственикот на продавницата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Т.К.(65) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 30.07.2020 од полициски службеници, при вршење на контрола за почитување на мерка за самоизолација, која според решение од Државен санитарен инспекторат била со времетраење од 14 дена, тој не бил затекнат во домот, односно не ја почитувал мерката согласно даденото решение.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.С.(25) од битолско село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 31.07.2020 при вршење на контрола од полициски службеници, пријавениот не бил затекнат во својот дом, иако претходно имал решение за изолација. Со тоа Д.С. постапил спротивно на здравствените протоколи за спречување од ширење на заразна болест и заштита на населението.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.С.(61) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 07.08.2020 била добиена телефонска јојава дека пријавениот излегува од својот дом, иако претходно имал решение за изолација, со што постапил спротивно на здравствените протоколи за спречување од ширење на заразна болест и заштита на населението.

На 10.08.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа „Козле" се оддалечила нивната штитеничка М.Е.(18) од Скопје, која во повеќе наврати го напуштала домот и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(30) од кумановско село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавениот на 11.06.2020, при влез во Република Северна Македонија на Граничен премин „Табановце", враќајќи се од Р.Австрија, потпишал изјава за спроведување на задолжителна самоизолација во времетраење од 14 дена, но не ја почитувал изречената писмена наредба издадена од Министерство за здравство.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет